**Р Е Ц Е Н З И Ј А**

**НА РАКОПИСОТ СО НАСЛОВ „ЗБИРКА ПРЕДАВАЊА ПО СУДСКА МЕДИЦИНА” ОД НАСЛ. ДОЦ. Д-Р НАТАША ДАВЧЕВА, ФАКУЛТЕТ ЗА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ” ВО ШТИП**

Врз основа на одредбите од Статутот и Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитет „Гоце Делчев” во Штип, како и Одлуката бр. 2002-48/9 од 272. редовна седница на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки при УГД – Штип, одржана на 11.2.2022 година, избрана е Рецензентска комисија во состав:

- д-р Јоже Балажиц, редовен професор за наставно-научната област судска медицина при Медицински факултет во Љубљана, Универзитет во Љубљана, Република Словенија;
- д-р Ценгис Јашар, насловен вонреден професор за наставно-научната област патолошка анатомија при ФМН, УГД - Штип

за изготвување на извештај, рецензија на приложениот ракопис „**ЗБИРКА ПРЕДАВАЊА ПО СУДСКА МЕДИЦИНА**” од **насл. доц. д-р Наташа Давчева,** наменет за студентите од прв циклус студии на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип.

По прегледот на ракописот, Комисијата до Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки го поднесува следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

**Наслов: „ЗБИРКА ПРЕДАВАЊА ПО СУДСКА МЕДИЦИНА”**
**Авторка: доц. д-р Наташа Давчева**
**(предмет Судска медицина, 10 семестар, број на часови 2+1+1)**

Ни претставува голема чест именувањето од страна на деканката на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип, за рецензенти на оваа **Збирка предавања по судска медицина** наменета за студентите по медицина.

Оваа збирка е оформена врз база на предавањата по судска медицина за студентите по медицина (10 семестар, 2+1+1) и е напишана на разбирлив јазик, што овозможува запознавање со основите на судската медицина како посебна медицинска специјализација, која е еден вид на надзорна медицинска гранка и како таква е десна рака на правосудството и истражните органи.

Скриптата содржи 106 страници во форма на текст и фотографии, како и скици, така што е поделена на вкупно дванаесет поглавја.

Во воведното поглавје студентите се запознаваат со судската медицина како медицинска наука и каде им се прикажани нејзините основни должности и стручни вредности.

Останатите единаесет поглавја се наменети за потесни и специјализирани судско-медицински подрачја, во обем кој треба да го познава студентот по медицина на дипломските студии на Медицинскиот факултет. Поглавјата се документирани со вкупно 66 фотографии и скици од актуелната форензична проблематика, кои на збирката ѝ даваат посебно значење и полесно апсолвирање на текстот, во кој, меѓу другото, се наоѓаат и поединечни судско-медицински примери.

Поглавјата го опфаќаат целото подрачје на класичната судско-медицинска наука но, исто така, содржи и најнови стручни и научни достигнувања, што авторката го поткрепува со употребата на стручната литература која се наоѓа наведена во вкупно 25 референци од репрезентативната судско-медицинска литература. Во скриптата се наведени исто така основите на современите збиднувања во судско-медицинската струка, всушност подрачјето на форензичната генетика и медицинската етика и деонтологија.

Поглавјата во скриптата на логичен начин го следат редоследот на предавањата, така што скриптата завршува со поглавјата кои се однесуваат на идентификацијата и форензичната токсикологија. Ова учебно градиво, како дополнување на усните предавања и клинички вежби по судска медицина, е сосема доволно како основна литература при учењето на испитот. Врз база на тоа, по завршениот испит по судска медицина студентот по медицина веќе е сосема доволно обучен за да подоцна како лекар во текот на клиничката пракса ги извршува основните судско медицински должности.

Оценуваме дека збирката претставува особен придонес кон стручните и научните достигнувања во судско-медицинската наука и како таква ќе претставува учебно градиво дури и за студентите по дентална медицина, како и студентите по право. Заради лесната читливост и јасноста на изложената проблематика исто така ќе биде добар стручен прирачник за лекарите од другите медицински специјалности, како и другата стручна и нестручна публика.

**ЗАКЛУЧОК**

Конкретната збирка на предавања во форма на скрипта заслужува висока стручна оцена и затоа му препорачуваме на Факултетот за медицински науки да продолжи со постапката на издавање на предметната скрипта и што побрзо да ја воведе во практична употреба за студентите по медицина.

**РЕЦЕНЗЕНТИ**

**Д-р Јоже Балажиц, редовен професор,**
**Медицински факултет во Љубљана, Универзитет во Љубљана, с.р.**
**Д-р Џенгис Јашар, насл. професор,**
**Факултет за медицински науки, УГД – Штип, с.р.**